СЕКТОРСКА АНАЛИЗА:

КУЛТУРА И МЛАДИ

ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

Maj, 2026

Содржина

1. Вовед 3

2. Цели на анализата 4

3. Методологија 4

4. Социо-демографски профил и контекст 6

5. Правна и институционална рамка

5.1 Национална легислатива 7

5.1.1 Законска рамка 7

5.1.2 Национални стратегии и надлежности на националните институции 9

5.2 Локални политики и документи 11

6. Клучни наоди од истражувањето 14

7. Заклучоци 19

8. Препораки 20

9. Предлог краткорочни мерки 21

Користена литература ..... **Error! Bookmark not defined.**4

Прилози 26

1. Вовед

Културата претставува еден од клучните сегменти за одржлив општествен, економски и демократски развој на локалните заедници. Таа го одразува идентитетот и историското наследство на едно подрачје и има значајна улога во градењето на социјална кохезија, поттикнувањето на креативноста и создавањето можности за економски раст, особено преку културниот туризам и креативните индустрии. Во овој контекст, младите претставуваат клучна целна група, бидејќи токму тие се носители на идните културни и општествени промени, но истовремено и најчувствителна група во однос на пристапот до културни содржини и можности за активно учество. Разбирањето на нивните потреби, интереси и навики во областа на културата е од клучно значење за креирање ефективни и инклузивни локални политики.

Пелагониискиот регион, како еден од најзначајните и најголеми региони во Република Северна Македонија, располага со богато културно наследство, разновидни културни институции и долгогодишна традиција на културно создавање. Сепак, и покрај овој потенцијал, постојат значајни разлики во развиеноста, достапноста и квалитетот на културната понуда помеѓу урбаните центри и помалите општини, како и предизвици поврзани со вклучувањето на младите во културниот живот.

Во таа насока, оваа анализа има за цел да обезбеди увид во состојбите во областа на културата во Пелагониискиот регион, со посебен фокус на потребите, интересите и предизвиците на младите. Анализата ги опфаќа институционалните капацитети, постојните политики и практики, степенот на нивна имплементација, како и улогата на различните чинители во културниот екосистем, вклучувајќи ги локалните самоуправи, културните институции, граѓанските организации, бизнис секторот и образовните институции.

Посебно внимание е посветено на идентификување на структурните слабости во системот, како што се недоволната финансиска поддршка, ограничените човечки и технички капацитети, инфраструктурните предизвици и недоволната координација помеѓу институциите. Истовремено, анализата ги препознава и постојните потенцијали, особено во делот на културниот туризам, независната културна сцена и регионалната соработка.

Резултатите од анализата треба да послужат како основа за креирање на поинформирани, поефективни и инклузивни политики во областа на културата, со особен акцент на младите како двигатели на идниот развој на Пелагониискиот регион.

2. Цели на анализата

Анализата да има за цел да овозможи согледување на состојбите, предизвиците и можностите за развој на културата на локално ниво во однос на потребите на младите во општините од Пелагонискиот регион.

Специфични цели на анализата се:

1. да се анализираат надлежностите на единиците на локалната самоуправа во областа на културата, како и постојните политики, стратешки документи и нивниот степен на имплементација;
2. да се идентификуваат проблемите и потребите со кои се соочуваат институциите од областа на културата,
3. да се идентификуваат потребите на младите како корисници и учесници во културниот живот;
4. да се дефинираат препораки за подобрување на локалните политики и практики во културата, со цел нивно подобро усогласување со потребите на младите.

Анализата ќе ги детектира потенцијалите за унапредување на состојбата во овој сектор преку соработка на единиците на локална самоуправа, бизнисот и граѓанскиот сектор и ќе послужи како основа за донесување на информирани одлуки и креирање стратегија за понатамошен развој на културата во Пелагонискиот регион, а особено во поглед на младите како специфична група.

3. Методологија

За потребите на оваа анализа е применет методолошки пристап кој интегрира примарно и секундарно истражување. Ваквата комбинација на методи овозможува мапирање на моменталните состојби, како и идентификација на јазот помеѓу постоечката понуда и реалните потреби на младите во Пелагонискиот регион.

Фокусот на **примарното истражување** беше ставен на директно прибирање податоци од трите клучни столба на културниот екосистем: младите како корисници и креатори, јавните установи како носители на културната понуда и граѓанскиот сектор како коректив и катализатор на промените.

- Анкетно истражување со млади

Беше спроведен структуриран анкетен прашалник наменет за млади лица од Пелагонискиот регион. Прашалникот беше дистрибуиран онлајн преку каналите на

соработниците од граѓанскиот сектор, фолклорните друштва и неформалните групи на млади.

Вкупно 78 млади лица одговорија на прашалникот. Примерокот опфаќа млади на возраст од 15 до 29 години, при што се обезбеди застапеност од сите општини во регионот.

- Консултации со чинителите во секторот

Со цел да се добие подлабок, квалитативен увид во предизвиците, беа спроведени насочени консултации со 10 јавни институции од областа на културата и 20 граѓански организации активни во доменот на културата и младинските политики. Податоците беа прибрани преку хибриден модел – онлајн прашалник и полуструктурирани разговори и консултации. Овој процес овозможи поквалитативни и продлабочени информации за капацитетите, програмските потешкотии и можностите за меѓусекторска соработка.

Секундарното истражување беше насочено кон анализа на деск-податоци за поставување на институционалната и политичката рамка на анализата. Процесот опфати разгледување на:

- Релевантната законска и подзаконска регулатива која го уредува културниот сектор;
- Националните и локалните стратешки документи, со посебен осврт на нивната комплементарност со потребите на младите;
- Годишните програми за работа на општините и културните установи во регионот;
- Постоечките документи за младински политики на локално и национално ниво.

Анализата собираше податоци за периодот 2024 и првата половина од 2025 година.
Преку вкрстување на наодите од теренското истражување и стратешката рамка, анализата нуди објективен приказ на културниот амбиент и дава насоки за негово идно унапредување во согласност со современите трендови.

Ограничувања на истражувањето

Иако анализата се базира на комбиниран пристап и вклучува различни извори на податоци, постојат одредени ограничувања кои треба да се имаат предвид:

- примерокот од 78 млади лица не овозможува целосна статистичка репрезентативност, но дава релевантен индикативен увид во ставовите и потребите;
- дел од податоците се базираат на самооценка и перцепции на испитаниците;
- постои нерамномерна вклученост од различни општини, што може да влијае врз територијалната споредливост;
- ограничен пристап до ажурирани податоци и документи на локално ниво;

- временската рамка на истражувањето може да не ги опфати сите тековни промени и иницијативи во секторот.

Сепак, и покрај овие ограничувања, наодите од анализата обезбедуваат солидна основа за идентификување на клучните трендови, предизвици и можности за развој.

4. Социо-демографски профил и контекст

Пелагонискиот регион се соочува со сериозни демографски предизвици кои директно влијаат врз културниот живот на жителите. Регионот е најголем по површина во Република Северна Македонија и е составен од девет општини: Битола, Прилеп, Кривогаштани, Новаци, Могила, Ресен, Крушево, Демир Хисар и Долнени. Оваа територијална распространетост, комбинирана со големиот број населени места и релативно ниската густина на население, директно ја отежнува достапноста на културните содржини за сите граѓани.

Според Пописот од 2021 година, во регионот живеат 210.431 жители, од кои 34.696 се млади лица на возраст од 15 до 29 години. Ова значи дека младите сочинуваат 16,5% од вкупното население. Иако оваа бројка претставува значителен потенцијал, демографските карактеристики и миграциските трендови укажуваат на ризик од културна маргинализација, особено во помалите и руралните општини каде културната инфраструктура е оскудна.

Постои јасен контраст во можностите за младите во зависност од нивното место на живеење. Додека урбаните центри како Битола и Прилеп нудат одредена институционална културна понуда, руралните општини (како Могила, Кривогаштани, Долнени) се соочуваат со недостиг на простори за социјализација и креативно изразување. Оваа нерамномерна распределба на ресурсите создава бариери за активно учество на младите во културниот живот на целиот регион.

Во однос на миграцијата, клучниот проблем на регионот не се само бројките, туку и профилот на младите кои заминуваат. Пелагонија ги губи своите најкреативни млади луѓе (уметници, музичари, менаџери во културата) кои не наоѓаат услови за професионален развој во родните градови. Овој одлив создава културна празнина – недостиг на нови идеи и современи пристапи во организирањето на културни настани.

Во однос на правната рамка, иако постојат стратешки документи, тие често се фокусираат на традиционални манифестации, а ретко предвидуваат конкретни буџетски линии или иновативни програми кои би ги поттикнале младите да бидат активни сокреатори, а не само пасивна публика. Регионот располага со силна мрежа на национални установи (театри, музеи), но нивната соработка со локалните младински

организации е често спорадична и зависи од индивидуална иницијатива, наместо од системски решенија.

5. Правна и институционална рамка

5.1 Национална легислатива

Во оваа секција се претставени законите и националните политики и стратегии кои ја уредуваат областа култура и областа млади, како и надлежностите на националните и локалните институции во овие две области. Надлежностите на локалната самоуправа во однос на културата и младите се предвидени во неколку законски решенија и тоа: Закон за културата, Закон за локалната самоуправа и Закон за младинско учество и младински политики. При тоа треба да се истакне дека во рамки на областа култура и млади надлежности имаат и националните институции, при што еден дел од овие надлежности се манифестираат на локално ниво во соработка со локалните самоуправи и другите актери во локалните заедници. Националните стратегии претставуваат политики преку кои стратешки се планира развојот на одредени области и со операционализираат надлежностите на државните органи и локалните самоуправи. Во нив се зацртани националните цели кои треба да се постигнат во предметната област. Конкретно за областа култура и млади релевантни се две стратегии и тоа Националната стратегија за култура и Националната стратегија за млади.

5.1.1 Законска рамка

Областа култура е уредена во рамките на **Закон за културата**[1] во кој се опфатени сите дејности во културата т.е облиците на културата, начинот на нејзиното остварување, финансирањето и други важни прашања. Исто така во рамки на законот во глава 1, член 3, културата експлицитно се уредува како поединечен, локален и национален интерес со профитна или неопрофитна цел. Со тоа се укажува на можноста за остварување на културниот интерес и на ниво на локални самоуправи. Токму тој сегмент е уреден во глава 1, оддел 2 – Локален интерес во културата, член 7 во кој се вели:

„(1) Локален интерес во културата, во смисла на овој закон, е културата што е јавен интерес од локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа.
(2) Локалниот интерес во културата, неговиот обем и неговото остварување се утврдуваат со општите акти на единиците на локалната самоуправа.
(3) Локалниот интерес во културата се финансира согласно со програмата за култура што ја донесува советот на единицата на локалната самоуправа, согласно со закон.

[1] Закон за културата – консолидиран текст, Службен весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ“ бр. 15/2008.

(4) Локалниот интерес во културата се остварува согласно со овој закон, прописите за локалната самоуправа и за одделните дејности во културата.“

Следствено, преку овој член се укажува на надлежностите на локалната самоуправа за организирање на културата на подрачјето на општината, утврдување на видовите култура и начините на остварување, како и начинот на финансирање. Клучен локален акт преку кој се операционализираат надлежностите на локалната самоуправа во однос на културата е годишната програма за култура која ја донесува Советот на општината и врз основа на која се утврдува и финансирањето во областа култура. Понатаму, од значење за оваа анализа е можноста за основање на јавни општински-градски установи и национални установи во областа култура. Во рамките на Закон за културата, глава 2, оддел 2 во член 20 се утврдува можноста локалната самоуправа да основа установа од областа на културата како јавна установа со непрофитна цел. Од вкупно 9 општини во Пелагонскиот регион, во 7 има основано јавни установи домови на култура (исклучок општина Долнени и општина Новаци), но во сите општини има некаков вид на јавна установа од културата како на пример музеј, театар, спомен куќа и сл. Исто така, согласно член 24, на територијата на локалната самоуправа може да се основаат и национални установи во кои како основач се јавува Владата на Република Македонија.

Релеватен дел за оваа анализа од аспект на младите е и можноста која ја дава законот за основање на домови на културата кои според член 54 од законот треба да изведуваат дејност за поттикнување на творештвото, а особено она на децата и младите: *„Дејноста на домовите на културата, во смисла на овој закон, е програмски и функционално поттикнување и развој на културата, особено на творештвото на децата и младината, на културно-уметничкиот аматеризам и објавувањето културно-уметнички дела, како и за вршење други дејности од областа на културата, согласно со закон.“*

Надлежностите на општината во однос на културата експлицитно се уредени и преку **Закон за локалната самоуправа**[2] кадешто во член 22 утврдената листа на надлежности на општината предвидува и специфична надлежност во областа култура и тоа: *„Институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво“.*

[2] Закон за локалната самоуправа, Службен весник на РМ бр. 5 од 29.01. 2002 г.

Законот за младинско учество и младински политики[3] не дефинира непосредни надлежности на општините во однос на културата за млади, меѓутоа посредно општината се јавува основач на сервиси за млади, а со тоа до некаде и како организатор на дејности за младите во кои влегува и културата. Поточно, член 22 од овој закон укажува дека: *„Младинските центри се места каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите“.*

5.1.2 Национални стратегии и надлежности на националните институции

Последната **Национална стратегија за култура**[4] во надлежност на Министерството за култура е истечена и се однесуваше на периодот 2018 – 2022. Во нејзини рамки беа предвидени повеќе приоритети за децентрализација на културата и зајакнување на надлежностите на локалните самоуправи. Се предвидуваше проценка на можностите за децентрализација на надлежностите во културата од национално на локално ниво, поддршка на локалните власти со стручни совети, насоки и финансиски средства, продолжување на започнатата децентрализација во културата, поттикнување на рамномерен културен развој, воспоставување најмалку еден културен центар во секоја општина, инвестициски вложувања во културата за да се намали нерамномерниот развој, анализа на ефикасноста и ефективноста во работењето на националните институции од културата, упатување на меѓуинституционална и меѓусекторска соработка во културата и сл. Во отсуство на сеопфатна анализа за реализацијата на оваа истечена стратегија за култура тешко е да се каже колку од овие приоритети се реализирани. Од она што може да се увиди во **Програмата на Владата на РСМ за периодот 2024 – 2028**[5], културата е сместена во поглавјето Национални приоритети, Културата столб на државата. Во рамките на овој сегмент се забележува континуитет во политиката на децентрализација на културата и тоа преку изработка на *„програма за континуирана дисперзија на културата кон регионално и локално ниво со цел збогатување на културниот живот во општините и овозможување поголема културна партиципација на локалното население“*. Операционализацијата на оваа заложба се согледува во рамки на **Стратешкиот план на Министерството за култура и туризам за 2025 – 2027 година**[6]. Во рамките на овој документ во приоритетот 2 се предвидува *„Постепена децентрализација, односно преминување на дел од центрите за култура/домовите на културата и манифестациите на локално ниво“* како и поддршка на реконструкции, модернизации, изградби и доградби на објектите

[3] Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.1.2020 г.

[4] Национална стратегија за култура 2018 – 2022, Службен весник на РМ, бр. 81 од 8.5.2018 г.

[5] Програма за работа на Владата на РСМ 2024 - 2028

[6] Стратешки план на Министерство за култура и туризам, октомври 2024, достапен на: https://kultura.gov.mk/nacionalna-strategija-za-razvoj-na-kultura/

кои ги користат националните институции од областа на културата. Исто така стратешкиот план на Министерството за култура и туризам предвидува и редовни активности за поддршка на уметничкото творештво на локално ниво преку поддршка на манифестации и проекти и преку годишната манифестација Град на културата, како и активности за заштита на културното наследство.

Национална стратегија за млади 2023-2027[7]вклучува посебна област Култура. Во рамки на областа поместени се неколку посебни цели и мерки за нивно остварување. Еден дел од овие мерки треба да се операционализираат и на локално ниво во рамки на локалните страегии за млади и локалните програми за култура. Посебната цел 1 - *Младите се вклучени во создавањето на културни политики и се дел од системот за финансирање на културата на национално и локално ниво*, предвидува поттикнување на младите да учествуваат во создавањето национални и локални културни политики, унапредување на постојниот систем на финансирање на културата со цел еднакви можности за поддршка на културна продукција, нов механизам за финансисрање на младинското творештво, информациско -технички сервис за поддршка на младите и нивната работа во полето култура. Посебната цел 2 – *Младите имаат достапен простор за културна креација и слободно културно изразување и учествуваат во културното творештво на локално, национално и меѓународно ниво*, предвидува анализа на капацитетите на културните институции и домови на култура со цел поддршка на културното творештво на младите, културна инфраструктура од јавен карактер достана за младинско културно творештво, партнерства помеѓу младите и јавните културни институции со цел создавање на заеднички младински програми, јавно-приватни пратнерства со организации на млади и од областа на културата, зајакнување на креативноста и иновативноста на младите преку користење на дигитални платформи и алатки. Посебната цел 3 – *Воспоставена кадровска политика која стимулира и поддржува нови вработувања на младите во полето на културата*, предвидува информирање на младите за можностите за вработување во дефицитарните професии во културата, воведување квоти за запишување на високобразовани установи од област на култура и уметност, унапредување на системот за обезбедување надоместок на самостојните уметници од републичкиот буџет со цел самовработување на млади. Посебната цел 4 – *Младите следат соверемени образовни програми на домашните универзитети, вклучени се во системот на неформално образование и го развиваат својот креативен потенцијал преку програми за уметност и култура во средното образование,* предвидува осовременување на студиските програми, воведување задолжителна пракса на високообразованите институции, програми за развој на креативниот и културниот потенцијал на младите во средното образование, неформални образовни програми во јавните институции и

[7] Национална стратегија за млади 2023 -2027, Службен весник на РСМ, бр. 204 од 29.9.2023 г.

валоризација на неформалното образование во културата во рамки на формалниот образовен систем. Посебната цел 5 – *Младите се информирани и заинтересирани за културата, учествуваат во нејзината креација и таа е достапна до сите без разлика на место на живеење, пол, род, социјално потекло религија и други видови на припадност*, предвидува подобрување на пристапот до културата, културни содржини за млади во помалите градови и рурални места, вклучување на NEET (not in education, employment or training) младите во културата, продукција и дисеминација на нови интеркултурни содржини, одржливи дигитални алатки и канали за информирање на младите за културата, развој на креативни образовни програми во претшколска возраст и во основно образование за поттикнување интерес за култура од најрана возраст.

5.2 Локални политики и документи

Во овој дел од анализата се разработува состојбата по поединечни општини кои припаѓаат во Пелагонскиот регион. Анализата покажува каква е состојбата на локално ниво во поглед на актуелните политики на општините за култура и млади, кој е опфатот на тие политики и кои се актерите кои се надлежни за реализација на надлежности покрај локалната самоуправа. Информациите во анализата се добиени преку на пребарување по веб страниците на општините и директни контакти со општините.

Општина Битола

Општина Битола изготвува и усвојува Програма за култура. На веб страницата беа достапни програмите за 2023, 2024 и 2025 година. Во Програмата за култура за 2025[8] година вклучени се бројни проекти и активности во следниве категории: традиционални манифестации, манифестации во рамки на Бит Фест, техничка поддршка и поддршка на културно-уметнички друштва. Вредноста на издвоените средства од буџетот на општина Битола за реализација на Програмата за култура за 2025 година изнесува 16.050.000 денари. Еден дел од финансиските средства се реализираат по пат на јавни повици за организирање и учество во културни манифестации. Во општина Битола дејствуваат национални установи како Центар за култура, музеи, народен театар, бибилотека, повеќе фестивали и културни манифестации, Културно-информативен центар, повеќе локални културно-уметнички друштва и ансамбли и неколку организации за млади. Општина Битола има усвоена Локална стратегија за млади[9] во која културата е вклучена како приоритет во рамки на областа 5 – Култура и спорт. При тоа целите во рамките на оваа област се однесуваат на поголема достапност на културните објекти за младите и поголемо учество на младите во културните содржини. Исто така во општина Битола

[8] Програма за култура на општина Битола за 2025 достапна на www.bitola.gov.mk

[9] Локална стратегија за млади на општина Битола достапна на www.bitola.gov.mk

функционира Локален младински совет и Младински центар основан од страна на општината.

Општина Демир Хисар

На веб страницата на општина Демир Хисар нема објавено програма за култура, но има годишна План за работа за 2025 на Домот на културата[10] со активности од повеќе културни дејности и тоа музичка дејност, драмска, библиотечна, кинопроекции, литературна дејност, активности за реконструкција и санација на Домот на културата и сл. Нема финансиска конструкција за реализација на планот. Во општина Демир Хисар има една национална институција од областа на културата во село Смилево и една локална институција Дом на култура. Општината нема усвоено стратегија за млади. За 2025 година донесена е Програма за спорт и млади, но во истата предвидени се главно активности за поддршка и финансирање на спортски манифестации и нема други активности за млади освен резевиран износ од 17.000 денари за талентирани млади[11]. Во општината во тек е постапка за избор на Локален младински совет.

Општина Долнени

Општина Долнени изготвува и усвојува Годишна програма за одбележување на значајни настани, датуми, личности од поблиското и подалечното историско минато во чии рамки има и дел за Одбележување на културни, спортски и други манифестации на територијата од општина Долнени. На веб страницата беше достапна програмата за 2024 година[12]. Нема финансиска конструкција за програмата. Активностите од оваа програма се вклучени и во планот за Локален економски развој – ЛЕР. Во општина Долнени од културните инситуции функционира Музејот Долнени и Меѓународниот фестивал на народни инструменти Пеце Атанасоски. Согласно пребарувањето на веб страницата не беа пронајдени посебни документи за младите како на пример програми, стратегии или Акциски планови ниту информации за формирани младински тела и локални младински инситуции.

Општина Кривогаштани

Општина Кривогаштани има објавена и усвоена Програма за култура за 2025 година[13]. Во рамки на програмата вклучени се културни настани за прослава на празници,

[10] План за работа на Дома на Културата Илинден за 2025 година достапен на: https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2025/03/1.plan-za-rabota-na-dom-na-kulturata-za-2025-godina.pdf

[11] Програма за спорт и млади за 2025 достапна на: https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/predlog-programa-za-sport-i-mladi-za-2025-godina.pdf

[12] Програми за работа на општина Доленени кои ги носи Советот за 2024 година достапно на: https://opstinadolneni.gov.mk/lokalna-samouprava/godishni-programi-i-izveshtai/

[13] Програма за култура на општина Кривогаштани за 2025 достапна на: https://krivogastani.gov.mk/wp-content/uploads/2025/01/programa-za-kultura-2025.pdf

традиционални манифестации, промоција на археолошки локалитет, тетар за деца и сл. Буџетот за реализација на програмата изнесува 370 000 денари. Во општината функционира Дом на културата и обновена мултифукционална сала. Во Кривогаштани има усвоена и објавена Стратегија за млади 2024 -2029[14] во која како една од останатите области на делување е култура и спорт. Во рамките на оваа област се предвидуваат вложувања за подобрување на културната инфраструктура како и заложби на општината за збогатување на културната понуда и културниот живот. Исто така во општината функционира Локален младински свет и има отворен Младински центар.

Општина Крушево

Во општина Крушево културата и туризмот функционираат како меѓусебно испреплетени дејности. Согласно пребарувањето на веб страницата не беше пронајдена посебна програма за култура за 2025 година, меѓутоа има посебен дел за изработка на културна програма во рамки на Стратегијата за локален економски развој 2023 -2027[15] за што се предвидени 369.000 денари. Исто така во рамки на веб страницата на општината има посебни веб страни за културната понуда и регистар на спомен обележја. Во Крушево функционираат национални културни установи како Музеј и спомен куќа на Тодор Проевски и локална установа Дом на култура. Општина Крушево во моментов нема Стратегија за млади. Претходната Стратегија за млади е истечена во 2024 година. Во моментов е отпочнат процес за формирање на Локален младински совет во општина Крушево.

Општина Могила

Општина Могила има објавена и усвоена Програма за култура и спорт за 2025 година[16]. Во неа се вклучени културни активности како прослави на празници, традиционални манифестации, културен информатор, фестивали и сл. За реализација на програмата за култура предвидени се 1 680.000 денари. Во рамки на општината постои Дом на културата. Општина Могила нема изработено локална стратегија за млади, додека отпочнати се чекори за формирање на Локален младински совет и Мадински центар.

Општина Новаци

Општина Новаци има изготвена и усвоена програма за култура за 2025 година. Во Општина Новаци функационираат повеќе локални манифестации и здруженија и

[14] Стратегија за млади на општина Кривогаштани 2024 – 2029 достапна на: https://krivogastani.gov.mk

[15] Стратегија за ЛЕР 2023 -2027, општина Крушево достапна на: https://krusevo.gov.mk/?page_id=2463

[16] Програма за култура и спорт за 2025 година, Службен гласник 14/2024

културно-уметнички друштва. Општина Новаци има Локална стратегија за млади 2024 – 2029[17] во која е утврдена посебна област Култура и спорт.

Општина Прилеп

Општина Прилеп има усвоена Програма за култура за традиционални фестивали и манифестации за 2025 година[18]. Во рамките на оваа програма предвидени се 4.570.000 денари меѓутоа 1.500.000 денари не се сеуште обебзедени во рамките на буџетот. Исто така Општина Прилеп има усвоено и програма за одбележување на значајни настани, личности и празници и за неа се предвидени 1.450.000 денари[19]. Во општина Прилеп функционираат повеќе културни установи како музеј, театар, дом на култура и бројни манифестации и фестивали. Во општина Прилеп нема донесено Локална стратегија за млади со понов рок, но формиран е Локален младински совет.

Општина Ресен

Општина Ресен има донесено Програма за културни активности за 2025 година[20].Во програмата се вклучени бројни културни активности меѓу кои традиционални манифестации, фестивали, одбележувања на празници и сл. Вкупниот буџет за реализација на програмата изнесува 6.320.000 денари. Во Општина Ресен функционира Дом на Културата. На веб страницата нема информации за активности поврзани со младите.

6. Клучни наоди од истражувањето

Спроведената анкета со младите како и консултациите со институциите беа спроведени за различни аспекти поврзани со културата и културната понуда во општините од Пелагонискиот регион. Истражувањето обезбеди поширок увид во состојбите, предизвиците и можностите за развој на културниот сектор, со посебен фокус на младите како целна група.

Резултатите покажуваат јасна **разлика во перцепцијата помеѓу институциите и младите.** Додека институциите најчесто ја оценуваат културната понуда како добра или многу добра, младите имаат покритичен став и истата ја оценуваат како просечна или задоволителна. Оваа диспропорција укажува на недоволна усогласеност помеѓу

[17] Локална стратегија за млади 2024 – 2029 Општина Новаци достапна на : https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/Lokalna-strategija-za-mladi-Novaci.pdf

[18] Службен гласник на оштина Прилеп бр. 18/2024

[19] ibid

[20] Програма за културни активности, општина Ресен достапна на: https://resen.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B1%D1%80.14-2024_compressed.pdf

понудата и реалните потреби на младите, како и на потребата од нивно поактивно вклучување во процесите на планирање и креирање културни содржини.

Дополнително, се забележува **територијална диспропорција во културната понуда.** Поголемите урбани центри, како Битола и Прилеп, нудат значително поразновидна и поинтензивна културна програма во споредба со помалите општини. Сепак, и покрај нивната големина, општините како Демир Хисар и Крушево покажуваат релативно добра состојба во однос на разновидноста и континуитетот на културната понуда, што укажува дека големината не е единствениот фактор за развој.

Особено се истакнува улогата на Битола како културен центар, не само во рамките на Пелагониискиот регион, туку и на национално ниво. Концентрацијата на институции, настани и културни иницијативи ја позиционира општината како клучен носител на културниот живот, но истовремено отвора прашање за порамномерна дистрибуција на културните содржини кон помалите општини.

Во однос на **застапеноста на културните сектори**, може да се констатира дека во најголем дел од општините постојат основните дејности од областа на културата (библиотечна, музејска, драмска, музичка, фолклорна и сл.). Во општините Битола и Прилеп се застапени сите, односно Библиотечна дејност, Драмска дејност, Визуелни уметности, архитектура и дизајн, Заштита на недвижно културно наследство и аудиовизуелни добра, Литература и издавачка дејност, Музејска дејност, Музичка и музичко-сценска дејност, Фолклорна дејност. Во Ресен недостига литература и издавачка дејност, во Демир Хисар нема музејска дејност, а во Крушево недостигаат визуелните уметности, архитектурата и дизајнот. Младите ги потврдуваат овие согледувања, при што како најслабо застапени ги издвојуваат токму визуелните уметности и современите културни форми.

Во однос на **стратешкиот пристап**, културните институции и локалните самоуправи изработуваат **годишни програми за култура.** Само во Крушево и Демир Хисар нема посебни општински програми за култура, но сегментот култура е вклопен како дел од локалните економски стратегии или од програмите во јавните установи од областа на културата. Сепак, овие програми најчесто се краткорочно ориентирани и се засноваат на повторливи и традиционални активности, што ја ограничува можноста за долгорочно планирање, иновации и поинтензивен развој на културниот сектор. **Локалната стратегија за култура**, како стратешки документ е од клучно значење за развојот на секоја општина бидејќи обезбедува рамка за планирање и имплементација на културни активности и иницијативи. Таа помага во идентификување на локалните културни ресурси, потреби и потенцијал, што е основа за поттикнување на креативноста и иновациите во заедницата. Со стратегија општината може да го подобри пристапот до културни услуги, да го зајакне идентитетот на заедницата и да промовира вклучување

во културниот живот на различни групи, особено младите. Исто така, може да привлече инвестиции и поддршка од државни и меѓународни фондови, што дополнително ќе ја зајакне културната инфраструктура во општината.

Истовремено, наодите покажуваат дека младите имаат ниско ниво на информираност за постоењето на вакви стратешки документи, што укажува на **недоволна транспарентност и ограничена комуникација помеѓу локалните власти и младата популација.** Ова дополнително ја нагласува потребата од нивно поактивно вклучување во процесите на креирање, следење и евалуација на локалните културни политики.

Културните институции и граѓанските организации од областа на културата се соочуваат со сериозни **структурни предизвици**, меѓу кои доминираат:

- недостиг на финансиски средства,
- недоволен кадар,
- недостиг на соодветна опрема и
- инфраструктурни проблеми.

Овие фактори директно влијаат врз квалитетот и обемот на културната понуда, ја ограничуваат иновативноста и ја намалуваат видливоста на институциите. Недоволниот број на вработени ја намалува ефикасноста на институциите, што влијае на квалитетот на услугите а недостигот на соодветна опрема и инфраструктурни проблеми ја отежнуваат реализацијата на културни настани и активности и резултираат со помал број организирани изложби, предавања, перформанси и сл. Дополнително, се јавува и циклус на намален интерес кај публиката, особено кај младите.

Интересно е што **институциите не ја перципираат незаинтересираноста на младите како клучен проблем, додека младите ја истакнуваат токму неа како главен предизвик.** Ова укажува на комуникациски јаз и недоволно разбирање на потребите и навиките на младата публика.

Незинтересираноста на младите може да значи дека не се развиваат нови идеи и иновации во културниот сектор. Младите често носат свежи перспективи и креативни решенија, а нивното отсуство може да резултира во застој во културното создавање и недостиг на нови форми на изразување. Како резултат, културниот живот во општината може да стане едноличен и и без динамика, што дополнително ги одвраќа младите од вклучување во културните активности и создава подолгорочни последици за културната сцена во општината.

Во однос на **програмската ориентација,** доминираат традиционални и повторливи настани, што, иако имаат своја вредност, не секогаш ги задоволуваат интересите на младите. Недостигаат современи, интерактивни и партиципативни содржини.

Во овој контекст, особено значајна е **улогата на независната културна сцена**, која е претежно составена од млади уметници и креативци. Оваа сцена има голем потенцијал за иновации и ангажман на младите, но се соочува со ограничена институционална и финансиска поддршка. Граѓанските организации играат клучна улога во нејзиното одржување и развој, поради што е неопходно нивно системско поддржување од страна на локалните и националните власти.

Соработката помеѓу институциите е оценета како просечна и се одвива преку различни формални и неформални механизми (мрежи, форуми, советодавни тела). Притоа, институциите од помалите општини особено ја нагласуваат потребата од дисперзија на културната понуда од поголемите центри кон помалите средини, имајќи ја предвид географската близина и потенцијалот за регионална соработка.

Финансиските податоци покажуваат **значителни разлики во буџетските издвојувања за култура помеѓу општините, што дополнително влијае врз нерамномерниот развој на секторот.** Според податоците од секундарното истажување, издвоените средства од буџетот на општина Битола за реализација на Програмата за култура за 2025 година изнесуваат 16.050.000 денари. Општина Долнени нема објавено буџетска конструкција во програмата за култура за 2025, општина Кривогаштани има буџет за реализација на програмата кој изнесува 370 000 денари, во општина Могила буџетот за реализација на програмата за 2025 изнесува 1 680.000 денари. Општина Прилеп има Програма за култура во која се предвидени се 4.570.000 денари меѓутоа 1.500.000 денари не се сеуште обезбедени во рамките на буџетот. Исто така, Општина Прилеп има усвоено и програма за одбележување на значајни настани, личности и празници и за неа се предвидени 1.450.000 денари. Општина Ресен има програма за култура за 2025 во која се предвидени 6.320.000 денари.

Посебен аспект кој се издвојува од интервјуата со претставниците на институциите е **силната поврзаност помеѓу културата и туризмот.** Соговорниците јасно истакнаа дека развојот на Пелагониискиот регион е тесно поврзан со развојот на културниот туризам. Регионот располага со богатство од културни манифестации, фестивали, традиционални обичаи и уметнички настани, кои претставуваат значајна привлечна точка за посетители од земјата и странство.

Овие културни настани имаат повеќекратно значење. Од една страна, тие придонесуваат за промоција и зачувување на културното и историското наследство. Од друга страна, тие имаат директно економско влијание преку зголемување на туристичката посетеност и стимулирање на локалната економија. Развојот на културниот туризам позитивно влијае врз угостителството, сместувачките капацитети, малите бизниси и занаетчиството, а истовремено создава и нови можности за вработување.

Сепак, и покрај потенцијалот, соговорниците нагласуваат дека развојот на културниот туризам не е доволно системски поддржан. Потребни се **координирани активности помеѓу општините, националните институции и приватниот сектор**. Особено се истакнува потребата од подобрување на инфраструктурата, професионализација на маркетингот и брендирањето на регионот, како и континуирана поддршка на квалитетни културни настани.

Дополнително, инвестирањето во зачувување и современа презентација на културното наследство, како и креирањето можности за активно вклучување на младите во културните активности, се препознаваат како клучни фактори за збогатување на туристичката понуда. Младите, како носители на нови идеи и креативни пристапи, можат да придонесат кон развој на иновативни културно-туристички производи.

Во однос на **вклученоста на младите,** се констатира дека не постојат доволно структурирани програми за нивно активно учество, а при тоа се констатира дека **вклучувањето на младите преку програмите на општините од областа на културата** е од суштинско значење. Само неколку институции од Демир Хисар, Битола и Крушево потврдуваат дека во нивните општини има активности кои активно ги вклучуваат младите во културните настани. Иако институциите изразуваат подготвеност за поголема инклузија, младите најчесто не се информирани за постојните можности, што повторно укажува на слабости во комуникацијата.

Општините и културните институции можат да ги вклучат младите преку поконкретни, видливи и континуирани механизми, наместо само преку повремени настани. На пример, преку формирање младински советодавни групи за клутура и поддршка на младински волонтерски и креативни програми, како и преку поефикасна комуникација и промоција на можностите преку социјалните мрежи, училиштата и младинските организации. Ваквиот пристап би придонел за поголема информираност, мотивација и активно учество на младите во културните процеси на локално ниво.

Како главни **бариери за младите** се издвојуваат:

- ограничени можности за вработување во културата,
- недоволна и неразновидна понуда,
- несоодветни услови и инфраструктура,
- недоволен број функционални институции.

Недоволната понуда за вработување во културата значително го ограничува културниот живот во општините, бидејќи младите се лишени од можности за професионално вклучување во креативни иницијативи и проекти. Тоа води до намалена мотивација и слабеење на нивната активна улога во културните активности, создавајќи јаз помеѓу младите и институциите. Ограничената и недоволно разновидна културна понуда

дополнително придонесува за пасивност кај младите, кои немаат доволно можности за развој на своите интереси и таленти преку изложби, концерти, претстави и слични содржини. Ова резултира со нивно намалено учество и чувство на исклученост од културниот живот. Дополнително, недостигот на соодветна инфраструктура и простори за културни настани ја ограничува достапноста на културните содржини, што создава дополнителни бариери за учество на младите.

Младите ја споменуваат и недоволната поддршка од општините, недоволното усогласување на културната понуда со потребите на младите, како и недостигот на рана едукација и мотивација за културен ангажман. Тука, се нагласува и **улогата на образованието,** кое има значајна функција во развивање на културните навики, интереси и креативноста кај младите. Недостигот на системска соработка помеѓу образовните институции, културните установи и граѓанските организации претставува пропуштена можност за долгорочен развој на публиката.

Младите предлагаат низа **мерки за подобрување**, меѓу кои поголема разновидност на настани, повеќе содржини креирани од млади, креативни работилници, подобра промоција, како и отворање нови простори и можности за изразување.

Како клучни можности за развој се издвојуваат:

- креирање локални стратегии за култура,
- зголемување на буџетските издвојувања,
- поддршка на младински и граѓански иницијативи,
- инвестиции во инфраструктура и човечки ресурси,
- зајакнување на меѓуинституционалната и регионалната соработка.

Севкупно, наодите покажуваат дека Пелагонискиот регион има значаен потенцијал за развој на културата, особено преку нејзино поврзување со туризмот и младите, но за негово целосно искористување е неопходен поинтегриран, стратешки и инклузивен пристап.

7. Заклучоци

Анализата на состојбите во културата во Пелагонискиот регион покажува дека постои изразена нерамномерност во развојот на културната понуда меѓу општините, како и значајна разлика помеѓу перцепцијата на институциите и младите. Додека институциите најчесто ја оценуваат културната понуда како задоволителна, младите ја доживуваат како ограничена, традиционална и недоволно прилагодена на нивните интереси.

Се констатира дека културниот развој во регионот во голема мера зависи од големината и ресурсите на општините, при што поголемите центри како Битола и Прилеп имаат значително поразвиена инфраструктура и понуда. Сепак, и помалите општини покажуваат одредени позитивни примери, што укажува дека развојот не е исклучиво условен од големината, туку и од пристапот и организацијата. Исто така, проблем претставува пристапноста до културните настани и манфестации, од финансиски и логистички аспект. Во помалите општини опциите за превоз до поголемите културни центри се или ограничени или комплицирани, а воопшто не се организираат посебни линии за превоз на одредени настани, викедн линии и сл.

Недостигот на локални стратегии за култура во поголемиот дел од општините претставува клучен структурен проблем, кој ја ограничува долгорочната визија, планирањето и координацијата на културните активности. Постоечките годишни програми се претежно краткорочни и репетитивни, без доволно простор за иновации и нови културни содржини.

Дополнително, културните институции и организации се соочуваат со сериозни ограничувања поврзани со финансии, кадар, инфраструктура и опрема, што директно влијае врз квалитетот и обемот на културната понуда. Ова создава и намален интерес кај младите, кој дополнително е засилен од недоволната комуникација и нивната недоволна вклученост во процесите на одлучување.

И покрај предизвиците, регионот има значаен потенцијал, особено преку поврзување на културата со туризмот, како и преку развој на независната културна сцена и младинските иницијативи.

8. Препораки

- Неопходно е воспоставување на системски и долгорочен пристап кон развојот на културата на локално ниво. Прво, се препорачува сите општини да изработат и усвојат локални стратегии за култура, со јасни цели, мерки и индикатори за следење, со што ќе се обезбеди континуитет и стратешко планирање.
- Потребно е зголемување и порамномерна распределба на буџетските средства за култура, со посебен фокус на помалите општини, како и воведување механизми за транспарентно финансирање на културни иницијативи.
- Се препорачува засилување на соработката помеѓу општините, културните институции, граѓанските организации и образовните установи, со цел создавање на интегрирани културни програми и поголема вклученост на младите.

- Потребно е и подобрување на инфраструктурата за култура, вклучително и реновирање на постоечките објекти и создавање нови простори за современи и интерактивни културни содржини.
- Посебен акцент треба да се стави на развој на современи културни форми и програми наменети за младите, како и на нивно активно вклучување во планирањето, реализацијата и евалуацијата на културните активности.

9. Предлог краткорочни мерки

1. Организирање на регионални младински културни настани

Во период од 3–6 месеци, општините од регионот можат да иницираат заедничка организација на младински културни настани како фестивали, уметнички изложби, музички настани, театарски претстави или креативни работилници. Овие настани треба да бидат ко-креирани со млади, со што ќе се обезбеди нивна поголема релевантност и привлечност.

Имплементацијата може да се базира на користење на постоечката инфраструктура (домови на култура, училишта, јавни простори), како и на споделување ресурси помеѓу општините (техничка опрема, кадар, промоција). Дополнително, може да се воспостави ротирачки модел, каде секоја општина ќе биде домаќин на одреден настан.

Исто така мапирањето на овие настани ќе помогне и да се организираат линии за превоз на учесници и млади луѓе од помалите до поголемите општини и обратно.

Очекувани резултати:

- Зголемена видливост на културната понуда
- Поголема мобилност и поврзување на младите од различни општини
- Поттикнување на регионална соработка.

Извори и начини на финансирање:

- Општински споделени ресурси (In-kind) - бесплатно отстапување на простор (домови на култура), опрема, комунални услуги и општински возила за превоз
- Министерство за култура и туризам и Министерство за социјална политика, демографија и млади - годишни конкурси
- Локални бизнис спонзорства - договори со локални пекари, маркети или превозници.

2. Воведување на младински консултативни групи за култура

Формирање неформални или советодавни групи од млади при општините, кои ќе учествуваат во креирање на годишните програми за култура и ќе даваат предлози за активности. Овие групи може да се состојат од активни млади, претставници на младински организации, студенти и млади уметници. Препорачливо е Локалните совети на млади да бидат носители на ваква активност, во општини кадешто постојат овие тела, и во соработка со локални граѓански организации.

Групите би се состанувале периодично (на пример квартално) и би давале конкретни предлози за активности, настани и приоритети. Нивната улога може да вклучува и учество во евалуација на веќе реализирани активности.

Очекувани резултати:

- Подобра усогласеност на културната понуда со потребите на младите
- Зголемена транспарентност и инклузивност во донесувањето одлуки
- Поттикнување на активното граѓанско учество

Извори и начини на финасирање:

- Општински буџет преку Програмите на Локалните младински совети
- Проекти на граѓански организации

3. Подобрување на информирањето преку дигитални канали

Голем дел од младите не се информирани за постојните културни активности, што укажува на потреба од подобрување на комуникацијата. Општините и културните институции треба да воспостават или унапредат активни дигитални канали (социјални мрежи и веб-страници), преку кои редовно ќе објавуваат информации за настани, повици, работилници и можности за ангажман, без дополнителни финансиски трошоци.

Важно е содржината да биде прилагодена на младата публика – визуелно привлечна, кратка и јасна, со користење на мултимедијални формати (видео, фотографии, настани во живо). Исто така, може да се воведе координиран календар на настани на регионално ниво.

Очекувани резултати:

- Подобрена информираност и поголема посетеност на настани
- Зголемена вклученост на младите
- Подобра промоција на локалната културна сцена

Извори и начини на финасирање:

- Меморандуми за соработка помеѓу општините/институциите и локалните средни училишта или факултети за волонтерски ангажман и практикантство

- Поддршка од локални „микро-инфлуенсери“ и популарни дигитални портали во регионот.

4. Платформа за волонтерски ангажман на млади во културата

Воспоставување на едноставна дигитална или полуформална платформа (на пример преку социјални мрежи или бесплатни веб-алатки) преку која ќе се поврзуваат младите со културните институции, општините и граѓанските организации. Преку оваа платформа ќе се објавуваат можности за волонтерски ангажман при организација на културни настани.

Младите ќе можат да се пријавуваат според нивните интереси (организација на настани, комуникација, дизајн, техничка поддршка и сл.) со што ќе стекнуваат практични вештини и искуство. Дополнително, може да се воведе систем на признанија (сертификати, препораки), што ќе придонесе за нивниот понатамошен професионален развој.

Очекувани резултати:

- Зголемена ангажираност на младите во културата
- Развој на практични вештини и компетенции
- Поддршка на институциите со дополнителни човечки ресурси

Извори и начини за финасирање:

- Еразмус плус фондови
- Соработка со граѓански волонтерски сервиси
- Корпоративни партнерства (општествена одговорност)

Користена литература

1. Закон за културата – консолидиран текст, Службен весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 - Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.196/2007 од 16.1.2008 год., објавена во „Сл. на РМ“ бр. 15/2008.
2. Закон за локалната самоуправа, Службен весник на РМ бр. 5 од 29.01. 2002 г.
3. Закон за младинско учество и младински политики, Службен весник на РСМ, бр. 10 од 16.1.2020 г.
4. Национална стратегија за култура 2018 – 2022, Службен весник на РМ, бр. 81 од 8.5.2018 г.
5. Програма за работа на Владата на РСМ 2024 – 2028
6. Стратешки план на Министерство за култура и туризам, октомври 2024, достапен на: https://kultura.gov.mk/nacionalna-strategija-za-razvoj-na-kultura/
7. Национална стратегија за млади 2023 -2027, Службен весник на РСМ, бр. 204 од 29.9.2023 г.
8. Програма за култура на општина Битола за 2025 достапна на www.bitola.gov.mk
9. Локална стратегија за млади на општина Битола достапна на www.bitola.gov.mk
10. План за работа на Дом на Културата Илинден за 2025 година достапен на: https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2025/03/1.plan-za-rabota-na-dom-na-kulturata-za-2025-godina.pdf
11. Програма за спорт и млади за 2025 достапна на: https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/predlog-programa-za-sport-i-mladi-za-2025-godina.pdf
12. Програми за работа на општина Доленени кои ги носи Советот за 2024 година достапно на: https://opstinadolneni.gov.mk/lokalna-samouprava/godishni-programi-i-izveshtai/
13. Програма за култура на општина Кривогаштани за 2025 достапна на: https://krivogastani.gov.mk/wp-content/uploads/2025/01/programa-za-kultura-2025.pdf
14. Стратегија за млади на општина Кривогаштани 2024 – 2029 достапна на: https://krivogastani.gov.mk
15. Стратегија за ЛЕР 2023 -2027, општина Крушево достапна на: https://krusevo.gov.mk/?page_id=2463
16. Програма за култура и спорт за 2025 година, Службен гласник 14/2024

17. Локална стратегија за млади 2024 – 2029 Општина Новаци достапна на : https://opstinanovaci.gov.mk/wp-content/uploads/2023/07/Lokalna-strategija-za-mladi-Novaci.pdf
18. Службен гласник на оштина Прилеп бр. 18/2024
19. Програма за културни активности, општина Ресен достапна на: https://resen.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/%D0%A1%D0%BB%D1%83%D0%B6%D0%B1%D0%B5%D0%BD-%D0%B3%D0%BB%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8%D0%BA-%D0%B1%D1%80.14-2024_compressed.pdf

Прилози

Прилог 1 - Прашалник Секторска анализа култура

1. Како би ја оцениле моменталната состојба со културната понуда во вашата општина? (на скала од 1-5 каде 1 е најниска оценка а 5 највисока)?
2. Изберете кои од наведените сектори во областа култура постојат вашата општина? (според поделбата во годишните конкурси на мин за култура)
    - Бибилиотечна дејност
    - Драмска дејност
    - Визуелни уметности, архитектура и дизајн
    - Заштита на недвижно културно наследство и аудиовизуелни добра
    - Литература и издавачка дејност
    - Музејска дејност
    - Музичка и музичко -сценска дејност
    - Фолклорна дејност
3. Ве молиме оценете колку се функционални секој од наведените области на културата кои постојат во вашата општина? (на скала од 1-5 каде 1 е најниска оценка а 5 највисока)
4. Дали општината има активна стратегија за култура? (Да/Не)
5. Доколку има активна стратегија за култура, во која мера истата ги опфаќа сите области преку конкретни цели, мерки, приоритети наменети за подобрување на состојбата со културата во општината?
    - Целосно
    - Во голема мера

- Делумно
- Малку
- Не опфаќа
- Нема стратегија за култура

6. Кои се три најголеми предизвици со кои се соочува културата во вашата општина?
    - Инфраструктурни проблеми
    - Недоволно финансиски средства
    - Недостаток на кадар
    - Недостаток на потребна опрема за дејноста
    - Недостаток на технолошки решенија за изведување на дејноста
    - Незаинтересираност на младата публика
    - Друго (наведете што)

7. Каков вид на иницијативи или зафати се преземени во вашата општина со цел унапредување на состојбата во културата во следниот период?
    - Инфраструктурни зафати во културните институции
    - Партнерства со други општини во областа на културата
    - Партнерства со институции од соседните земји во областа на културата
    - Партнерства со институции на ниво на ЕУ и пошироко во областа на културата
    - Нови културни настани, фестивали, литературни и театарски случувања и сл.
    - Размени со културни институции и организации од други земји
    - Друго (наведете што)
8. Како би го опишале нивото на вклученост на младите во културните случувања и активности во вашата општина?
    - Целосно вклучени

- Многу вклучени
- Делумно вклучени
- Малку вклучени
- Не се вклучени

Ве молиме објаснете го одговорот:

9. Дали постојат конкретни програми или иницијативи насочени кон зголемување на културната понуда и условите за анагжман на младите во културата? (Да/Не)
10. Дали во вашата општина се нудат некои активности за младите со цел нивни културен ангажман? (Да?Не)
11. Доколку одговоривте со Да на прашањето 12, ве молиме накратко објаснете каква понуда за ангажман на младите во културата има:
12. Кои се три најчести бариери со кои се соочуваат младите во нивните напори да се ангажираат културно во своето место на живеење?
    - Нема понуда на можности за вработување во областа култура
    - Ограничена културна понуда
    - Културна понуда која не одговара на нивните потреби
    - Нема соодветни услови за конзумирање на културата
    - Нема доволно културни инситуции кои се функционални
    - Нема доволно поддршка од општината
    - Друго (наведете што)
    -
13. На кое ниво е е соработката помеѓу локалните чинители со цел креирање на културна содржина (пример соработока со ГО, соработка со бизнис сектор и соработка помеѓу инситуциите)? (на скала од 1-5 каде 1 е најниска оценка а 5 највисока)
14. Какви функционални платформи за комуникација на засегнатите страни во областите на културата постојат во вашата општина?
    - Советодавни тела од областа култура
    - Форуми, платформи за соработка и партнерство
    - Мрежи на културни институции

- Електронски платформи за комуникација
- Мобилни апликации за соработка со граѓаните
- Друго(наведете што):

15. Кои се клучните можности за развој на културата во вашата општина во следните 5 години? (опишете)
16. Какви конкретни активности треба да преземе општината за подобрување на состојбата со културата?
    - Инвестиции во инфраструктура
    - Инвестиции во културна програма
    - Инвестиции во нови вработувања
    - Поголеми издвојувања за културна програма
    - Поголеми издвојувања за поддршка на организации и неформални групи млади кои делуваат во областите на културата
    - Јавно-приватни партнерства во културата
    - Друго (наведете што):